**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *И С Т О Р И Ј А*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА IV ГОДИНА**

**Скопје, 2004 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет: И С Т О Р И Ј А**

**1.2. Вид на средно образование: реформирано гимназиско образование**

**1.3. Година на изучување на наставниот предмет: ч е т в р т а**

**1.4. Број на часови на наставниот предмет:**

- **Број на часови неделно: 2 часа**
- **Број на часови годишно: 66 часа**

**1.5. Статус на наставниот предмет: и з б о р е н**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Наставата по историја во реформираното гимназиско образование има за цел на учениците да им претстави суштински, систематизирани, трајни и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста. Да го поттикне критичкото мислење, изградување на историска свест, изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и другите заедници во државата, кон другите народи и држави на Балканот, Европа и светот и она што претставува цивилизациско достигнување во светот и како да го продлабочи интересот за понатамошното изучување на историските настани и процеси.

### 2.1. Општи цели на предметот

Ученикот:

- да стекне знаења за позначјните појави, настани и процеси од општата, балканската и светската национална историја;
- со критичко мислење да ги разбере и поврзе општествено-економските и политичките процеси од националната, балканската и светската историја;
- да се стекне со реални и објективни знаења и врз основа на нив да извлече поуки;
- да формира објективни ставови и заклучоци;
- да развива чувство, почит и лојалност за припадност кон Република Македонија;
- да прави синеза на културниот и духовниот развиток на општоцивилизациските придобивки;
- во континуитет да се запознава со економскиот, политичкиот, духовниот и културниот развиток на светот, Европа, Балканот и Македонија;
- да развива љубов и почит кон културата и културното наследство;
- да ги препознава и почитува сопствените културно-економски, но и вредностите на другите народи;
- да развие свест за меѓусебна толеранција и почитување.

### 2.2. Оперативни цели на предметот

- Ученикот да го запознава развојот, општествените појави и процеси во меѓународните односи, да го почитува националниот интегритет и суверенитет на секоја држава;
- да гради сопствен став и убедување;
- да развива историска свест и да се воспитува за мир и демократија;
- да развива способност за почитување на различните вери и култури во државата и во светот;
- да ги открива причинско-последичните односи и да ги разликува поводот и последиците;

- да развива критичко мислење;
- да развива способност за логичко разбирање, поврзување, анализа и синтеза на истородните и различните историски движења;
- да развива способност за употреба на историски текстови, литература, историски документи, архивски материјали, написи, интервјуа, користење на карта и др.;
- са развива способност за комуникација и мисловно изразување преку организирање на ученички дебати, форуми, округли маси и др.;
- да формира способност преку истражување и компарација да дојде до историските факти и процеси кои се одвивале во втората половина на 20 век.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на содржините по историја, односно постигнување на поставените цели, потребни се предзнаења од наставниот предмет историја од претходните години (I, II и III година гимназија), како и стекнати предзнаења преку разна историска литература, написи и коментари во печатените и електронските медиуми.

## *ИСТОРИЈА ЗА IV-ТА ГОДИНА ГИМНАЗИЈА КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - 66 ЧАСА*

| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу другите предмети** |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕМА 1: СВЕТОТ И ЕВРОПА ОД 1945-2000 ГОДИНА** | | | | |
| 1.1. Политиката во креирањето на повоениот свет | 18 | - Да стекнат знаења за појавите, процесите и личностите вклучени во политичките случувања;<br><br>- да се направи осврт на одлуките од Постдамската конференција;<br><br>- да се објасни и дефинира холокаустот во времето на Втората светска војна;<br><br>- да се направи осврт и да се објасни Нирнбершкиот процес;<br><br>- да се објаснат улогите на светските лидери во повоениот период (Черчил, Сталин и Труман);<br><br>- да се направи осврт на Париската мировна конференција и последиците од неа - промени во политичката карта на светот;<br><br>- да се објаснат причините за појавата на студената војна и последиците од неа- идеолошката и блоковската поделба;<br><br>- да се објаснат причините за спроведувањето на Трумановата доктрина и Маршаловиот план и последиците; | Преку употреба на политичка карта на светот и регионални карти, учениците да ја развиваат вештината за употреба и анализа на историските карти;<br>- преку употреба на историски извори и документи, записи, написи, историска литература; видеозаписи, тонски записи, филмови, ТВ и радиоемисии и друго да се воведат во истражувачките постапки во историографијата;<br>- да користат и анализираат илустративен материјал: слики, цртежи, скици, графикони, карикатури и др.;<br>- да изработуваат шеми, графикони, историски карти и други наставни помагала;<br>- да ги користат техничките средства: употреба на графоскоп, фолии, | - Во духот на модерните тенденции во европските предавања на историјата, за изучување на најновите достигнувања, во различностите на погледите за историските настани и личности кои се обработуваат во оваа наставна тема, преку истакнување на позитивните вредности што настануваат во светот и Европа поврзани преку духовните области кои се поврзани и со предметите: мајчин јазик - литература, географија, ликовно, музичко, со граѓанска конотација на обработка на темата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - ООН како механизам за зачувување на светскиот мир во светот и борбата за човекови права (хуманитарна и превентивна дипломатија, гладот, жената, детето, расизмот и др.) и зајакнување на меѓународната соработка;<br><br>- да се објасни улогата на НАТО пактот и Варшавскиот договор;<br><br>- да се направи осврт на трката за вооружување. | видео, компјутер, Интернет и други средства каде се презентирани содржини од темата;<br>- да се стекнат вештини за анализа на појавите и процесите од најновата историја и воочување на последиците од истите во актуелните политички случувања во светот;<br>- да се воспитуваат во духот на надминување на воените конфликти и во духот на евроатланските интеграции преку негување на мултиперспективноста во изучувањето на историјата преку организрање на дебати, расправи, играње улоги и други активности. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2. Советизација на источноевропските држави | | - Да се објасни суштината на системите на народната демократија и советизација на источноевропските земји;<br><br>- да се објаснат целите за формирањето на Информбирото и последиците од тоа;<br><br>- да се направи осврт на човековите права во источноевропските режими;<br><br>- да се резимира културата на живеењето на обичниот човек во источноевропските земји (влијанието на политиката врз животот на обичниот човек);<br><br>- да се објасни десталинизицијата во источноевропските земји;<br><br>- да се објасни појавата за демократизација на политичките системи во Унгарија, Чехословачка, Полска. | | |
| 1.3. Деколонизација, неоколинизам во светот по Втората светска војна | | - Да се објаснат причините на појавите на антиколонијалните и народните движења во светот: Азија, Африка и Латинска Америка, Индија, Индонезија, Виетнам, Шри Ланка, Пакистан, арапскиот свет, Египет, Алжир, Мароко, Конго, Нигерија, Либија, Аргентина, Боливија (Че Гевара), Панама, кубанската криза-добивање на национална независност на колонијалните народи во светот; | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да се објаснат причините за појавата на неоколонијализмот на големите светски сили;<br><br>- да се лоцираат новоослободените земји и блоковската политика на светот;<br><br>- да се објасни движењето на неврзаните земји. | | |
| 1.4. Политички, идеолошки и други движења во светот | | - Да се идентификуваат политичките и идеолошките движења во светот;<br><br>- да се дефинираат националистичките и сепаратистичките движења во светот;<br><br>- да се објаснат повоениот тероризам и терористичките организации;<br><br>- да се дефинира и објасни дејствувањето на верскиот екстремизам во светот;<br><br>- да се објаснат мировните, феминистичките и еколошките и други движења во светот. | | |
| 1.5. Европски интеграции | | - Да се направи осврт на европските интеграции и нивната улога во економската и политичката интеграција во Европа;<br><br>- да се објасни причината за формирањето на Европската унија, Советот на Европа, Европската економска заедница, КЕБС, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Хелсиншкиот комитет, Меѓународниот суд и ОБСЕ и нивната улога во современиот свет;<br><br>- да се направи анализа на односот на Европската унија кон останатите држави во светот. | | |
| 1.6. Развој на науката и промените во културата | | - Да се идентификуваат достигањата во природните науки: астрономијата, атомската ера, компјутеризацијата, медицината, биологијата, екологијата;<br><br>- современите трендови во музиката, литературата и ликовната уметност;<br><br>- развој на масовните и индивидуалните спортски дисциплини итн.;<br><br>- да се лоцираат промените на начинот на животот на луѓето, раѓањето на нова масовна култура и улогата на мас-медиумите во светот. | | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу другите предмети |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕМА 2: БАЛКАНОТ ОД 1945 - 2000 ГОДИНА** | | | | |
| 2.1. Рефлексиите на светската политика на балканските држави | 22 | - Да се објаснат политичко-економските промени во балканските држави во повоениот период;<br><br>- компаративно да се даде анализа на општественото уредување во земјите со социјалистичко уредување, од една страна, и капиталистичкото општествено уредување од друга страна (Албанија, Бугарија, југословенската федерација и Грција);<br><br>- обидите во Грција со ДАГ-да се направи општествена трансформација-граѓанската војна во Грција;<br><br>- да се анализираат човековите права на граѓаните во остварување на нивниот секојдневен живот, култура, образование, религија и др.;<br><br>- да се продлабочат сознанијата, според слободен избор на наставникот за одделна балканска држава:<br>изборни содржини:<br>1. Албанија 1945-1990 (политички живот, економски и социјален живот; религија и атеизам) | - Анализа на политичката карта на Балканот;<br>- анализа на историски извори, документи, записи, написи, историска литература;<br>- употреба на видео-записи, тонски записи, филмови, ТВ филмови;<br>- анализа и употреба на илустративен материјал: слики, цртежи, графикони, историска литература и др.;<br>- изработка на проекти, паноа, портфолија и сл.;<br>- по избор на наставникот се работат теми за Албанија, Бугарија, југословенската федерација, Грција;<br>- нагласок да се стави на индивидулната работа преку изработка на проекти и есеи за специфичностите во одредени држави според интересот на учениците и по избор | - Темата е во непосредна корелација со наставните теми: Светот и Европа од 1945-2000 година;<br>- наставни предмети: мајчин јазик - литература, географија, уметност, музика и др.;<br>- соработка со другите активи на историчари и со Филозофскиот факултет, Катедра за историја, Институтот за национална историја, Архивот на Р. Македонија, музеите во Македонија и други културни институции;<br>- да се воспостави, по можност, соработка со соодветни образовни институции од соседните балкански држави (размена на ученици, наставен кадар и литература). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2. Политичкиот плурализам во Албанија 1990-2000 (формирање на политички партии; паѓање на комунистичкиот режим; повеќе-партиски избори; промените во економско-социјалната сфера)<br>3. Образование, култура, уметност и наука (1945-2000)<br>4. Положбата на Албанците во балканските држави (Грција, југословенската федерација)<br>5. Меѓународната положба на Албанија (91945-2000)<br>6. Бугарија во периодот 1945-2000: економско-политички промени; достигања во науката и култура-та; промените во начинот на живот на обичниот човек<br>7. Грција 1945-2000: економско-политички промени; достигања во науката и кутурата; меѓународ-ната положба на Грција; Полож-бата на малцинствата во Грција. | на наставникот;<br>- негување на мулти-перспективноста во изучувањето на историјата преку организрање на дебати, расправи, играње улоги и други активности. | |
| 2.2. Функционирање на југословенската феде-рација и причините за нејзиното распаѓање | | - Да се изврши анализа на политичкиот и економскиот систем на југословенска-та федерација;<br><br>- да се објасни појавата на бирократиз-мот и либерализмот во југословенската федерација; | - За утврдување, повто-рување и систематизи-рање на содржините се користат одредени стратегии (грозд, Венов дијаграм, коцка, дија-мант, инсерт метода);<br>- организирање на де-бати на округла маса, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Функционирањето на федерацијата: Положбата на републиките и покраините; економските и политичките состојби во покраината Косово и Метохија (1945-1974);<br><br>- да се објасни општествено политичката и економската криза во југословенската федерација, појавата на националистичките и сепаратистичките тенденции на народите за осамостојување на републиките и покраините;<br><br>- причините за косовската криза и расплетот (1974-2000);<br><br>- да се разгледаат националните и малцинските права на граѓаните во републиките и покраините (југословенската федерација);<br><br>- да се објаснат причините за распадот на југословенската федерација и војните на нејзините простори;<br><br>- формирање на нови држави на просторот на бившата југословенска федерација (1991-2000). | ученички парламент и др.;<br>- според сопствен избор и интерес се избираат истражувачки теми кои се однесуваат на специфични прашања и периоди од историјата на југословенската федерација (положба на одредено национално малцинство; политички терор; достигања во образованието и културата; промени во економската и политичката сфера; истакнати личности во историјата на одделни народи и народности итн.) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3. Интеграционите процеси на балканските држави за влегувањето во ЕУ и достигнувањето во науката и културата | | - Да се објасни блоковската поделба на балканските држави;<br><br>- да се направи осврт за определбата на балканските држави кон различните воено-политички блокови;<br><br>- да се објасни тенденцијата на балканските држави за интеграција во европските и светските (атлантските) асоцијации;<br><br>- да се идентификуваат научните и културните достигнувања на балканските држави во втората половина на 20 век. | | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу другите предмети |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕМА 3: МАКЕДОНИЈА ОД 1945-2000 ГОДИНА** | | | | |
| 3.1. Македонија во рамките на Демократ-ска Федеративна Република Југославија | 26 | - Да се објасни процесот на конституирање на Демократска Федеративна Република Македонија;<br><br>- да се направи осврт на идејата за осамостојување на Македонија;<br><br>- да се анализираат човековите права и слободи на граѓаните на Република Македонија;<br><br>- да се дефинира положбата на Албанците, Турците и другите етнички заедници во Р. Македонија;<br><br>- политичкото организирање (политички партии и учество во власта) и културните достигања на одделните етнички заедници во РМ (Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми и други). | - Употреба на поли-тички и историски карти;<br>- користење на историс-ки извори, документи, записи, написи, исто-риска литература;<br>- употреба на видео-записи, тонски записи, филмови, ТВ филмови;<br>- користење и анализа на илустративен мате-ријал: слики, цртежи, скици, графикони и др.;<br>- активности: изработка на есеи, реферати и др.;<br>- за утврдување и сис-тематизирање на содр-жините се користат одредени стратегии и графички организатори (грозд, Венов дијаграм, коцка, инсерт метода, дијамант и др.);<br>- изработка на проекти. | - Темата е во непосредна корелација со претходни-те содржини на програ-мата по историја за трета година реформирана гимназија, за Македони-ја, Балканот, Европа и светот во овој период;<br>- со наставните предме-ти: мајчин јазик - лите-ратура, географија, музи-ка, ликовна култура и др.;<br>- соработка со активи на историчари и со Фило-зофскиот факултет, Институтот за национал-на историја, Архивот на Македонија, МТВ и други институции. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2. Положбата на Македонците во егејскиот и пиринскиот дел на Македонија и во Албанија | | - Да се направи компаративна анализа на националните права на Македонците во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија и во Албанија;<br><br>- да се објасни учеството на Македонците во граѓанската војна во Грција и последиците од неа;<br><br>- да се објасни воведувањето на културната автономија на Македонците во Бугарија и нејзиното укинување;<br><br>- да се дефинира положбата на Македонците во Албанија. | | |
| 3.3. Политичко-економски и социјални промени во Република Македонија | | - Да се објасни воведувањето и функционирањето на еднопартискиот политички систем;<br><br>- да се анализираат процесите на промена на сопственичките односи: експропријација, аграрната реформа; национализација; колективизација;<br><br>- да се анализира односот на граѓаните кон политичките и економските промени;<br><br>- да се објасни процесот на воведување на самоуправувањето и промените во неговиот развој;<br><br>- да се лоцираат етапите на стопанскиот и регионалениот развој на РМ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4. Миграциони движења во Република Македонија | | - Да се објаснат причините за миграциите на населението во Македонија (економски, политички, верски и други);<br><br>- да се објасни миграцијата село - град - деаграризацијата и депопулацијата на македонските села;<br><br>- да се анализираат социјалните промени и стопанската криза;<br><br>- да се објасни иселувањето на граѓаните од Македонија во странство. | | |
| 3.5. Образование, наука и култура и религиите во Македонија | | - Да се направи преглед и достигнувањата во образованието, науката и културните достигнувања;<br><br>- да се дефинираат промените на начинот на секојдневниот живот на граѓаните на Македонија;<br><br>- да се лоцира и објасни местото и улогата на МПЦ и другите верски заедници (Исламската верска заедница, Католичката црква, протестантските цркви и др.). | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.6. Македонија и меѓународните асоцијации | | - Да се објасни процесот на осамостојување на Република Македонија;<br><br>- да се направи осврт на појавата на плурализмот;<br><br>- да се анализира тенденцијата на Македонија за приклучување кон меѓународните асоцијации;<br><br>- да се направи осврт на промените во економската и социјалната сфера;<br><br>- да се анализираат човековите права и слободи на граѓаните на Македонија. | | |
| 3.7. Македонските иселеници во Европа и во прекуокеанските земји | | - Да се направи осврт на политичкото организирање на македонското иселеништво (1945-2000 година);<br><br>- да се објаснат причините за тенденцијата на иселеништвото да се одржат врските со татковината;<br><br>- да се направи анализа за причините за зголемувањето на бројот на иселувањата од Македонија;<br><br>- да се направи осврт на културно-просветната дејност на иселеништвото;<br><br>- да се посвети внимание на причините за одливот на младите луѓе од Македонија. | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Наставникот може да ги применува сите верифицирани методи и техники на учење во согласност со дефинираните цели. Му се препорачува засилување на проблемско-творечкиот методски систем, аналитичко -интерпретативниот и, по можност, корелациско-интегративниот. Наставникот треба да иницира комплетно самостојна активност на учениците, да ги води кон смисловно-рецептивно и смислено активно учење и постојано да ги коригира механичко-рецептивното и механичко-активното учење, со примена на методот на истражување во група или парови.

**Активности на наставникот**

Наставникот е одговорен за организацијата и реализацијата на наставниот час. Тој е задолжен да ја испланира наставата глобално, тематски и оперативно (фондот на часовите и нивната распределба дозволува креативност и еластичност на наставникот во реализација на целите). Во наставниот процес наставникот треба да биде организатор, координатор, иницијатор, водач и насочувач за размена на искуства и кооперативно учење.

Наставникот своите активности за историските настани и личности на темите и содржините кои се обработуваат во оваа програма треба да ги насочи преку употреба на најсовремени методи и форми-активна настава-интерактивно учење, односно работа во групи и парови - истражувачка работа на учениците, како и организирање на дебати, форуми, округли маси и сл.

**Активности на ученикот**

Ученикот треба да биде поттикнат на континуирано, активно следење на наставата со активно учество во сите фази од наставниот процес што подразбира негова реакција со соодветни активности на поставување на прашања, одговори, коментари, консултирање соодветна литература (учебници, учебни помагала и друго) во врска со наставните содржини. Ученикот треба со претходна подготовка да ја следи наставата. Наставникот го поттикнува, односно мотивира знаењето како основна активност за усвојување на нови содржини, но и преку критичко учење и размислување при кое ученикот ќе се обидува својот личен став да го изрази, да го аргументира и да го брани со помош на усвоените знаења и предзнаења. Ученикот треба со најразлични активности да усвојува определени знаења, умеења и способности за неговиот иден живот.

### 4.3. Организација и реализација на наставата по историја

Предметот историја опфаќа часови за усвојување на нови наставни содржини и обработува три наставни теми од македонската историја, историјата на балканските држави, европската и светската историја од втората половина на 20 век и ги реализира функционалните цели на сите подрачја со акцент врз самостојната работа на учениците (стекнување на знаења, умеења и способности, дефинирани во општите, функционалните и во одделните цели на подрачјето).

### 4.4. Наставни средства и помагала

4.4.1. Наставникот ќе користи наставни средства и помагала што се определени со Нормативот за нагледни средства по историја.

4.4.2. Учебници и учебни помагала за учениците:

- учебник по историја за IV-та година за реформирано гимназиско образование - изборен предмет;
- учебник по историја за III-та година реформирано гимназиско образование;
- користење на бројни печатени и медиумски материјали, документи, прилози, интервјуа, енциклопедии, бројна литература за историските настани и личности во втората пловина на 20 век;
- материјални компаративни документи од повеќе автори од Македонија, Албанија и Бугарија;
- историски атлас;
- истории на Албанија, Југославија, Грција и Бугарија од различни автори;
- списанието "Историја".
-

4.4.3. Дополнителна литература за наставникот:

- Историја на македонскиот народ, IV том - Институт за национална историја - Скопје-2001 година;
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава-II том, Скопје 1981 година;
- методски прирачници за наставата по историја и друга литература.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Начинот на проверување и оценување секогаш треба да има стимулативен карактер, да мотивира и да се темели на континуирана и систематска работа. Проверувањето на знаењата на учениците треба да се врши во сите фази на наставниот процес (при реализација на нова наставна содржина, утврдување, проверување, повторување, систематизирање, вежбање, истражување).

Во рамките на следењето и оценувањето, ќе се применуваат различни постапки (усно проверување, писмено, тестови на знаење, изработка на семинарски трудови, реферати, преку организирање на дебати, работа - учење преку истражување, како и активности кои ученикот ги покажал во текот на часовите, портфолиото и други начини).

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование наставникот како:

- предавач: соопштува информации, формулира проблеми, дефинира, објаснува, демонстрира, ги објаснува и ги поврзува историските поими и процеси, го потенцира важното и универзалното;
- организатор на наставата: планира активности, постапки, формулира прашања, го определува времетраењето на активностите и др.;
- партнер во педагошката комуникација: дава мислење, иницира дијалог, мотивира, поттикнува, пофалува, насочува дискусија, прави корелација со знаењата од областа на другите наставни предмети;
- оценувач: објективно ги евалвира активностите на ученикот во областа на знаењето, умеењето и вештините стекнати на часот по историја, како и на интересот и однесувањето на ученикот.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставниците во гимназиското образование треба да имаат завршено соодветно високо образование, завршени студии по историја на Филозофскиот факултет, Институт за историја.

### 6.3. Стандард за простор и опрема

За успешна реализација на наставната програма, наставникот може да користи:

- историски кабинет;
- специјализирана училница;
- класична училница.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2004 година

**Почеток на примена:** септември 2004 година

**7.2. Работна група за изработка на програмата:**

1. проф. д-р  Виолета Ачкоска, Филозофски факултет - Скопје
2. проф. д-р Тодор Чепрганов, Институт за национална историја - Скопје
3. проф. д-р Ахмед Шериф, Институт за национална историја - Скопје
4. д-р Сефедин Елези, републички просветен инспектор - Министерство за образование и наука
5. Живко Степаноски, советник во БРО-ПЕ Гостивар, раководител на комисијата
6. Илир Мемети, професор во Основното училиште "Наим Фрашери" Тетово
7. Елена Лакинска, професор во Гимназијата "Орце Николов" - Скопје
8. Заим Зибери, професор во Гимназијата "Зеф Љуш Марку" - Скопје

**8. Наставната програма по и с т о р и ј а** ја одобри  (донесе) ______________________________________________________________

со решение  број ______________________ од ______________ 2004 година.